МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јули 2011
БРОЈ 119

# Меѓуетничките односи денес подобри од пред 2001 година

МЦМС спроведе сеопфатна студија за Охридскиот рамковен договор. Дел од таа студија е истражувањето на меѓуетничките односи во Македонија. Во јули, МЦМС ги објави деловите кои се однесуваат на свесноста за културата и споделената гордост и за квалитетот на меѓуетничките односи.

Истражувањето покажа дека големо мнозинство (79,4%) од граѓаните има добро лично искуство со другите етнички заедници. Мнозинството граѓани (59.2%) верува дека повеќе мешање во сите области ќе води кон подобри меѓуетнички односи. Дека употребата на македонскиот јазик кај немнозинските заедници обезбедува добра комуникација со мнозинството е став на 79,3% од граѓаните. Најголема е поддршката за мешање во спорт и забава (81,5%), на работно место (71,5%), посакувана е во политички партии (65,7%), а најмала е за мешани бракови (25,6%).

Граѓаните ги сметаат дека соседствата (55,7%), училиштата (49,7%) и работната средина (34,8%) се простор и со јасно или со главно изразен етнички идентитет. Медиумите се главен извор на информации за другиот (48,2%), соседството со најпозитивни (79,5%), а политичките партии со најнегативни ефекти (60,7%) врз меѓуетничките односи.

Четири од пет граѓани (80,2%) имаат перцепција дека живеат во соседства во кои сите или повеќето соседи се од иста етничка припадност. Мнозинство од граѓаните (55,7%) мислат дека нивното соседство е простор со јасно или главно изразен етнички идентитет. Во случај на промена на етничката структура на соседството не би се иселиле два од три граѓани (66,6%).

Еден од три граѓани (31,6%) нема пријател од друга етничка припадност. Граѓаните поддржуваат изучување на јазиците на другите етнички групи. Мнозинството граѓани (54,3%) сметат дека образовниот систем несоодветно ги подготвува учениците за живот во разнолико општество, а 49,7% од граѓаните одговориле дека училиштата се простор со јасно или главно изразен етнички идентитет.

Поделено е мислењето за ефектот на медиумите врз меѓуетничките односи: 52,6% го сметаат за позитивен, а 45,1% го сметаат за негативен. Граѓаните се поделени во врска со потребата од повеќе двојазични или повеќејазични програми и други мултикултурни содржини на медиумите: 48,5% сметаат дека нема потреба и 47% сметаат дека постои таква потреба. Социјалните медиуми имаат позитивно (42,7%), односно негативно (45,9%) влијание врз меѓуетничките односи. Мнозинство граѓани (65,7%) сметаат дека политичките партии треба да бидат мултикултурни. Дека мултикултурноста не е одразена во програмите и раководствата на политичките партии сметаат 63,6% од граѓаните, а 72,8% смета дека политичките лидери не се пример за мултикултура.

Големо мнозинство граѓани сметаат дека меѓуетничките односи се важни лично за нив (78,4 %) и за Македонија (86,3 %). Од друг агол погледната важноста, како прашање кое најмногу ги загрижува граѓаните, меѓуетничките односи ги загрижуваат 3,9 % од граѓаните. Граѓаните најчесто ги оценуваат меѓуетничките односи како воздржани (33,2 %), 18,4 % ги сметаат за ривалски, 17,7 % за мирољубива коегзистенција, 16,9 % сметаат дека постои меѓуетничка соработка, а незначително малцинство од 9,4 % ги оценуваат односите како непријателски.



*Објавувањето на последниот дел од истражувањето беше направено на прес конференција*

Меѓуетничките односи денес се оценети со 2,8, пред 2001 г. со 2,7, а граѓаните очекуваат подобрување за 5 години на 3,2 на скала од 1 до 5, каде 5 е највисока оценка. Етничките Албанци, Турците, Бошњаците и Ромите ги оценуваат меѓуетничките односи денес како подобри од пред 2001 г. и имаат позитивни очекувања за подобрување за 5 години. Етничките Македонци еднакво ги оценуваат меѓуетничките односи денес и пред 2001 г. (2,9), а очекуваат напредок на 3,2 за 5 години.

Најмногу граѓани (41,6 %) мислат дека постојат предрасуди за етничките Албанци. Потоа следуваат Ромите (24,2 %) и етничките Македонци (14,3 %). 8,4 % граѓани сметаат дека не постојат предрасуди. Највисока недоверба постои кон етничките Албанци (33 %), а потоа кон Ромите (22,0 %). 12,8 % од граѓаните мислат дека немаат недоверба.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета во домаќинствата во мај 2011 г. на национален репрезентативен примерок од 2.087 испитаници и он-лајн анкета со нерепрезентативен примерок од 24 јавни/информирани личности во Република Македонија. МЦМС му ја довери теренската анкета на Институтот за демократија – Скопје (ИДСЦС).

## Умерено добро развиено граѓанско општество

МЦМС го публикуваше Резимето и препораките за идните политики за граѓанското општество, како и целосниот аналитички извештај под името „Долг пат до поголем граѓански ангажман". Резимето треба да послужи како насока за Владата, за клучните чинители и за граѓанското општество за преземање активности потребни за зајакнување на граѓанското општество и справување со слабостите идентификувани во истражувањето Цивикус - Индекс на граѓанското општество (ИГО) од 2009 до 2011 г.

Наодите од ИГО го дефинираат граѓанското општество во Македонија како умерено добро развиено. Најсилните аспекти на граѓанското општество се неговото ниво на организација и практикувањето вредности. Влијанието на граѓанското општество врз општествените проблеми и политики е умерено или просечно, а граѓанското учество е ниско. Надворешната околина во која дејствува граѓанското општество во Македонија е делумно поволна.

Според препораките, граѓанското општество треба да стане водечка сила за искоренување на сиромаштијата и во борбата против корупцијата. Од застапување за политики треба да оди кон набљудување на нивното спроведување и буџетот. Досегашниот успех во влијанието врз јавните политики е умерен. Треба да се обрне внимание на суштински спроведувањето на законите и политиките, вклучувајќи го и националниот буџет.

Граѓанското општество треба да се насочи кон интензивирање на односите со граѓаните. Потребни се силни партнерства за одржливо граѓанско општество. Еден од првите чекори е надминување на историскиот јаз меѓу политичките партии и граѓанските организации. Неопходен е суштински граѓански и социјален дијалог. Граѓанските организации треба да направат напори за обезбедување финансиска одржливост на граѓанското општество. Има потреба за подобрување и зајакнување на директната државна поддршка (вклучувајќи ги и приходите од игри на среќа), како и да се овозможат даночни олеснувања и развој на статусот на организации од јавен интерес. Конкретните препораки за да се постигне ова се дадени во резимето. Граѓанското општество во Македонија по втор пат беше дел од ИГО.

## Состанок за вмрежување и партнерство

МЦМС од 14 до 17 јули 2011 година во Маврово организираше обука на тема „Партнерства и вмрежување - предизвици и можности".

Обуката беше наменета за граѓанските организации од пограничниот регион во Македонија и Албанија. Учествуваа 20 претставници на граѓанските организации од Македонија и Албанија кои имаа можност да се запознаат со важноста на вмрежувањето и партнерството, да се стекнат со теоретските знаења, и да добијат вештини за подобрување на соработката меѓу граѓанските организации. Знаењата и контактите коишто ги остварија ќе им овозможат да го зајакнат својот организациски капацитет за градење ефективни коалиции, партнерства и вмрежување во рамките на граѓанското општество, но и со другите сектори, дома и прекугранично. Практичните вежби им овозможија подобро меѓусебно запознавање, кое ќе биде корисно за идната соработка.

Обуката е дел од проектот „Прекуграничен форум на граѓански организации", финансиран од Европската Унија, во рамките на компонентата за прекугранична соработка на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Го спроведува МЦМС заедно со Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и Еколошкото друштво „Дешат"-Дебар.

## Партнерства и вмрежување

Во периодот од 2007 до 2010 година МЦМС со финансиска поддршка од Сокотаб од Швајцарија и неговите партнери успешно реализираше проекти за реновирање на 8 рурални основни училишта, од претходно селектирани општини каде што претежно се одгледува ориентален тутун.

Оваа година со активностите ќе бидат реконструирани 6 санитарни јазли и прозорци на приземјето во ОУ „Гоце Делчев" во Демир Хисар; и поставени нови подови во 8 училници, обработени ходници и реконструирани прозорци на приземјето во ОУ „Манчу Матак" во с.Кривогаштани.

Со проектот ќе бидат опфатени 623 ученици и 90 вработени од двете основни училишта.

Временскиот период на спроведување на проектот е од 4 јули до 31 октомври 2011 г.

Буџетот на проектот изнесува 4.510.100 МКД, кои се обезбедени од Сокотаб Франа СА.

# Граѓански дијалог за сите

На 13 јули 2011 година, во хотелот Холидеј ин во Скопје МЦМС ја одржа меѓународната конференција „Граѓански дијалог на локално ниво". Целта на конференцијата беше да се согледаат регионалните и домашните искуства за соработка меѓу властите и граѓанските организации на локално ниво, и да се предложи модел за поефикасна соработка и одржлив граѓански сектор на локално ниво.
На конференцијата, пред повеќе од 80 присутни, странските и домашните искуства ги презентираа шестмина воведничари. Естер Хартаи, правен советник на Европскиот центар за непрофитно право ја презентираше компаративната анализа за соработка на властите со граѓанските организации на локално ниво во: Велика Британија, Унгарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Според Хартаи таа покажала дека и покрај тешкотиите, овие земји преземаат активности кон усвојување на слични методи за соработка.

Искуствата од регионот ги пренесоа Данко Руниќ, директор на Агенцијата за европски интеграции и соработка со граѓанското општество на градот Белград и Андреј Певец, одговорен за меѓународна соработка во Фондацијата за партнерство и развој на граѓанското општество од Пула. Руниќ ја претстави Агенцијата која има за цел да помогне граѓанскиот сектор да се вклучи во дијалог и партнерства во проектите кои се од посебна важност за Град Белград. Певец го презентираше искуството и придобивките од основањето на Фондацијата која е резултат на напорите на националните и локалните власти и на граѓанските организации и се финансира и од буџетот на регионалната самоуправа, буџетите на локалните самоуправни тела во истарскиот регион, приватни донатори и корпоративниот сектор.

Трендовите во Република Македонија ги презентираше Димче Митрески, извршен директор на МЦМС. Анализата што опфаќа 17 општини и 24 граѓански организации покажува разлики помеѓу општините и граѓанските организации. Општините повеќе сметаа дека иницираат соработка (76%), за разлика од граѓанските организации (54%). Понатаму, 47% од општините сметаат дека има постапка за вклучување на ГО во процесите на донесување одлуки, а со тоа се согласуваат само 17% од граѓанските организации.




*Ирена Иванова (Делегација на ЕУ), Александар Кржаловски (МЦМС) и Фарук Фератоски (заменик на мистерот за локална самоуправа)*

Локалните искуства ги пренесоа и Мирјана Апостолова, помошник раководител на секторот за меѓународна соработка и невладини организации во град Скопје и Виолета Налевска, советник за локален економски развој во општина Битола. Во последниот дел на Конференцијата, учесниците во работни групи ги дискутираа предизвиците и најсоодветните модели за соработка помеѓу ЕЛС и граѓанските организации во Македонија. Конференцијата е дел од истоимениот проект кој е поддржан од Делегацијата на ЕУ во Скопје од ЕИДХР.

# Во пресрет на првата сеопфатна студија за Рамковниот договор

Работната верзија на студијата за Охридскиот рамковен договор (ОРД) беше презентирана пред 13 членови на Советодавниот комитет за истоименото истражување на 20 јули 2011 година. Членовите на Советодавниот комитет, претставници на институциите релевантни за спроведувањето на ОРД ги слушнаа првичните наоди и заклучоци за околината во која тој се спроведува, структурата за негова поддршка и спроведување, постигнувањата и влијанието во повеќе области, како и за меѓуетничките односи.

По презентацијата следеше расправа за наодите и предлози за надградување, објавување и понатамошно користење на студијата. Членовите ги предложија и препораките, кои ќе бидат составен дел од студијата. „За прв пат имаме сеопфатна студија за спроведувањето на ОРД, заснована на факти, со користење повеќе релевантни методи на истражување" - беше најчестиот коментар на членовите на Советодавниот комитет. Членовите предложија МЦМС да започне со серија расправи меѓу клучните чинители за повеќе заклучоци кои произлегуваат од студијата.



Истражувањето за ОРД има за цел да овозможи целосна анализа на договорот, која ќе придонесе за подобрување на разбирањето за постигнувањата на ОРД и за аргументиран дијалог помеѓу политичките претставници, државните институции, граѓанскиот сектор и јавноста. Истражувањето треба да ги констатира постигнувањата, лоцира слабости и да предложи методи за нивно надминување.

Студијата за ОРД ја подготвува истражувачки тим, составен од десетина релевантни експерти од повеќе организации и институции. Таа ќе биде објавена во неколку делови во текот на август и септември 2011 г.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk